

Општинско основно училиште

АТАНАС НИВИЧАНСКИ

с. Нова Маала - Василево

Тел. ++389-(0)34-378-408
e-mail: oouatanas_nivicanski@hotmail.com

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

## *За работа на ООУ „Атанас Нивичански“*

## *за учебната 2022/23 година*




**Нова Маала, август 2023 година**

***СОДРЖИНА***

***1.Вовед...........................................................................................................................................***
***2.Настава.......................................................................................................................................***
***3.Изборна настава.........................................................................................................................***
***4.Ученички екскурзии......................................................................................................................***
***5. Успех на учениците.....................................................................................................................***
***6.Среден успех по предмети од шесто до деветто одделение.......................................................***
***7.Успех на учениците од VI до IX одделение..................................................................................***
***8.Редовност и поведение на учениците..........................................................................................***
***9. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА..................***

## 1. Вовед

ООУ „Атанас Нивичански“ врши воспитно образовна дејност за учениците од општина Василево, поточно за учениците од населените места Висока Маала, Добрашинци,Чанаклија и Нова Маала.

ООУ „Атанас Нивичански“ ги остварува целите и задачите на основното образование и воспитание согласно Законот за основно образование, основна дејност на училиштето е образување и воспитување на деца од 6 – 15 годишна возраст, односно до 17 години со согласност на педагошко – психолошката служба.

Појдовни основи за изработка на полугодишниот извештај за работа на училиштето се : Годишната програма за работа на училиштето, тримесечните извештаи за успехот на учениците како и минатогодишните извештаи за работа, педагошката евиденција и документација.

Извештајот е изготвен од страна на стручната служба во соработка со директорот и тим од наставници.

Учебната година се планира да започне на 01.09.2022 година и за почетокот на учебната година беа направени потребните подготовки: извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите во сите училишни згради.

Наставата од I до IX одделение се одвиваше со физичко присуство.

. На почетокот на учебната година беше утврден бројот на запишани ученици, родителите беа навремено известени и уписот на учениците помина во најдобар ред. Оваа учебна година на ниво на училиште се запишани 40 ученици. За запишување на ученици во прво одделение оваа година беше потребна потврда за примени вакцини кај детето, потврда од стоматолог и потврда од офталмолог и извод од матичната книга на родените.

Наставниот кадар кој ја реализира наставата во одделенска и предметна настава е утвреден на почетокот на учебната година.

Училиштето својата цел ја остварува преку содржини во подрачјата: јазик и литература, математика, природни науки, техничко образование, физичко и здравствено образование и уметничко образование.

## *2. Настава*

Во училиштето е предвидена задолжителна настава според наставниот план и програма од Министерството за образование и наука, изборна настава, додатна и дополнителна како и воннаставни активности во чиј состав се и слободните ученички активности.

### *Задолжителна настава*

Наставата по задолжителни предмети ги реализираат соодветните наставници, а за сите ученици од прво до деветто одделение се обезбедени бесплатни учебници.

Наставата од прво до деветто одделение ја реализираат вкупно 39 наставници од кои 24 во одделенска настава вклучувајќи ги наставниците по англиски јазик, природни науки,физичко и здраствено образование,техничко образование и македонски јазик во турски паралелки. На турски наставен јазик во Подрачното училиште во Висока Маала наставата ја реализираат вкупно 5 наставника .

Вкупниот број на ученици на крајот на учебната 2022-2023 година е 351 ученика, од кои 178 машки а 173 од женски пол.

Табеларен преглед на бројот на учениците по одделенија на македонски наставен јазик во учебната 2022- 2023 год.

| Одделение | Број на ученици | | Вкупно | Паралелки |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | | |
| I | 12 | 8 | 20 | 1 чисти и 2 ком пар. |
| II | 13 | 8 | 21 | 2 чисти и 1 ком пар. |
| III | 15 | 13 | 28 | 2 чисти и 1 ком пар |
| IV | 12 | 13 | 25 | 1 чиста и 2 ком пар |
| V | 6 | 6 | 12 | 2 чисти и 1 ком пар |
| VI | 20 | 25 | 45 | 2 пар |
| VII | 19 | 23 | 42 | 2пар |
| VIII | 17 | 17 | 34 | 2пар |
| IX | 17 | 18 | 35 | 2 пар |
| Вкупно | 131 | 131 | 262 | 23 пар |

Во вкупниот број паралелки се запишани и комбинираните паралелки од прво до петто одделение.

Број на ученици по одделенија на турски наставен јазик

| Одделение | Број на ученици | | Вкупно | Паралелки |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | | |
| I | 8 | 7 | 15 | 1 чиста |
| II | 7 | 10 | 17 | 1 чиста |
| III | 5 | 8 | 13 | 1 чиста |
| IV | 13 | 8 | 21 | 1 чиста |
| V | 14 | 9 | 23 | 1 чиста |
| Вкупно | 47 | 42 | 89 | **5** |

***Изборна настава***

Во текот на месец мај и јуни со анкета на родителите и учениците се утврдени изборните предмети кои ги изучуваа во учебната 2022/2023 година. Од понудените изборни предмети беа избрани:

-во шесто одделение учениците го изучуваа наставниот предмет Етика во религиите
-во седмо одделение ги изучуваа изборните предмети: проекти од информатика, вештини на живеење
-во осмо одделение се изучуваа изборните предмети: проекти од информатика,вештини на живеење и нашата татковина.
-во деветто одделение беа застапени изборните предмети: техничко образование и нашата татковина.

***Дополнителна настава и додатна настава:***

Во паралелките од прво до петто оддееление на македонски наставен јазик се реализирани вкупно 212 часа, а на турски наставен јазик реализирале 81 час дополнителна и додатна настава.
Во паралелките од шесто до деветто одделение се реализирани вкупно 37 часа дополнителна настава и додатна настава.

***Ученичка заедница:***

Ученичката заедница на ниво на училиште е формирана и работи по изготвена програма.
На состанокот се дискутираше за успехот и поведението на учениците и културно забавниот живот .
На 17 октомври беше одбележан Денот на гладот во соработка со локалната самоуправа.
Во месец октомври беше организиран прием на првачињата во детската организација.
За патрониот празник на училиштето имаше пригодна програма од учениците и положено цвеќе пред бистата на патронот.

***3.Ученички екскурзии:***

Оваа учебна година беше реализирана еднодневна екскурзија со учениците до Скопје.Учениците го посетија саемот на книгата и зоолошката градина во Скопје.

***Грижа за здравјето на учениците:***

На почетокот на учебната година од страна на вакционо одделение Струмица е доставена информација за вакциналниот статус на учениците од прво до деветто одделение, сите ученици се редовно вакцинирани. За учениците од прво одделение се доставени потврди за стоматолошкиот статус и за истите е реализиран системетски преглед од страна на стоматолог од Медицински центар - Струмица. Се реализираше предавање за заразни болести на учениците од VI – IX одд. и предавање за одржување на орална хигиена од страна на доктор, стоматолог.

***Соработка со локалната средина***

Одделенските раководители во текот на учебната година реализираа најмалку по четири родителски средби и повеќе индивидуални контакти со родителите на учениците кои имаат проблеми со дисциплината и редовноста во наставата.
Од страна на стручната служба се реализирани советувања за вкупно 138 родители чии деца имаат над 10 неоправдани изостаноци, 100 оправдани или за намален успех во учењето со три и повеќе негативни оцени и за несоодветно однесување во училиштето.
Од страна на стручната служба се реализирани советувања со 146 ученици кои имаат над 10 неоправдани изостаноци, 100 оправдани или за намален успех во учењето со три и повеќе негативни оцени и за несоодветно однесување во училиштето.
Во месец октомври, првата полна недела е организиран прием на првачињата во детската организација.

## *4.Успех на учениците*

**Табеларен преглед на успехот по наставни предмети**
**од шесто до деветто одделение:**

| Наставен предмет | VI одделение | VII одделение | VIII одделение | IX одделение | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 2.64 | 3,20 | 3.21 | 3.17 | 2.92 |
| Англиски јазик | 2.60 | 2.84 | 3.00 | 3.89 | 2.78 |
| Италијански јазик | | | | | |
| Германски јазик | 2.84 | 2.82 | 3.00 | 3.11 | 2.91 |
| Математика | 3.17 | 3.00 | 3.24 | 2.97 | 2.94 |
| Историја | 3.02 | 3.14 | 3.21 | 3.60 | 3.11 |
| Географија | 3.11 | 3.25 | 3.53 | 4.03 | 3.41 |
| Етика | | 2.67 | | | 2.67 |
| Граѓанско образование | | | 3.18 | 3.37 | 3.28 |
| Природни науки | 3.00 | | | | 3.00 |
| Биологија | | 2.88 | 3.18 | 3.46 | 3.08 |
| Информатика | 3.02 | | | | 3.00 |
| Мак. јаз за уч. од др. заед. | 2.52 | 2.71 | 2.63 | 2.75 | 2.67 |
| Физика | | | 3.03 | 2.89 | 2.96 |
| Хемија | | | 2.94 | 3.23 | 3.09 |
| Техничко обр. | 3.15 | | | | 3.16 |
| Ликовно обр. | 3.84 | 3.39 | 4.00 | 4.23 | 4.10 |
| Музичко обр. | 3.04 | 3.95 | 3.23 | 3.91 | 3.38 |
| Физичко обр. | 3.73 | 4.52 | 4.93 | 4.77 | 4.38 |
| Иновации | | | | 3.29 | 3.29 |
| **Изборни** | | | | | |
| Нашата татковина изборен | | | 3.33 | 4.06 | 3.81 |
| Вештини на живеење | | 2.94 | 4.31 | | 3.94 |
| Проекти од ликовната уметност | | | | | |
| Проекти од информатика | | 3.89 | 4.11 | | 3.71 |
| Техничко образование | | | | 4.00 | 4.00 |
| Етика во религиите | 3.00 | | | | 3.00 |

**Среден успех на ниво на училиште од шесто до деветто одделение: 3.26**

5.**Среден успех по предмети од шесто до деветто**

**одделение**

Највисок успех учениците постигнале по наставните предмети физичко и здравствено образвоание, нашата татковина и ликовно образование, а најнизок успех постигнале по наставните предмети: македонски јазик за другите заедници,етика во религиите и македонски јазик.

## Изборни предмети

| | |
|---|---|
| Техничко образование | 4.00 |
| Етика во религиите | 3.00 |
| Вештини на живеење | 3.94 |
| Проекти од ликовна уметност | / |
| Проекти од информатика | 3.71 |
| Нашата татковина | 3.81 |

Од изборните предмети највисок успех учениците постигнале по предметот техничко образование а најнизок успех по предметот етика во религиите.

## 6. Успех на учениците од VI до IX одделение

| Паралелка | Годишен просечен успех |
|---|---|
| VI-1 | 2.77 |
| VI-2 | 3.35 |
| VII-1 | 3.17 |
| VII-2 | 3.02 |
| VIII-1 | 3.26 |
| VIII-2 | 3.51 |
| IX-1 | 3.46 |
| IX-2 | 3.59 |
| **вкупно** | **3.26** |

## Во паралелките од 6 до 9 одд. учениците го постигнале следниот успех:

Од вкупно 156 ученици, 34 ученици се одлични , 27 ученици се многу добри , 52 ученици се добри, 35 ученици се доволни и 8 ученика ја повторуваа учебната година.
Од шесто до деветто одделение 12 ученика беа на одделенски испит од кои:8 женски и 4 машки.Седум ученици останаа во истото одделение,четири го поминаа одделенскиот испит,а една ученичка не се појави на испитот.

Највисок успех постигнале паралелките:

VIII-2 одделение со просек од - 3.51

IX -2 одделение со просек од - 3.59

Најнизок успех постигнале паралелките:

VI-1 одделение со просек од -2.77

VII-2 одделение со просек од -3.02

## Успех на учениците од IV и V одделение

**Табеларен преглед на успехот на учениците од четврто и петто одделение**

| Подрачно училиште | Успех во четврто одделение | Подрачно училиште | Успех во петто одделение |
|---|---|---|---|
| Висока Маала | 3.68 | Висока Маала | 4.65 |
| Доброшинци | 3.24 | Доброшинци | 3.25 |
| Чанаклија | 2.93 | Чанаклија | 4.27 |
| Нова Маала | 3.35 | Нова Маала | 4.20 |

## Во паралелките од 4 до 5 одд. учениците на македонски наставен јазик го постигнале следниот успех:

Од вкупно 25 ученици, 3 ученици се одлични , 6 ученици се многу добри , 8 ученици се добри, 8 ученици се доволни. ученика ја повторуваа учебната година.

Еден ученик од II одд од с. Нова Маала,едена ученика од III одд од с. Доброшинци и една ученичка од V одд од с.Доброшинци останаа во истото одделение.

Еден ученик од Чанаклија беше на одделенски испит и истиот го помина,2 ученички од Доброшинци беа на одделенски испит и двете останаа во истото одделение,5 ученици од Нова Маала беа на одделенски испит од кои 3 женски и 2 машки. 4 поминаа од кои 3женски и 1машко, еден ученик остана во истото одделение.

## Годишен среден успех на учениците во Висока Маала од IV и V во учебната 2022- 2023 год.

**Табеларен приказ**

| **Подрачно училиште** | **Успех во четврто одделение** | **Успех во петто одделение** |
|---|---|---|
| ПУ АТАНАС НИВИЧАНСКИ Висока Маала | 3.68 | 4.65 |
| Среден успех од I до V одд. | 3.84 | |

Осум ученика од Висока Маала беа на одделенски испит од кои:5 женски,3 машки.

Учениците од четврто одделение на македонски наставен јазик постигнале среден успех 3.24 а во петто одделение постигнале среден успех 4.20. Учениците кои ја следат наставата на турски наставен јазик од четврто одделение постигнале среден успех од 3.68 а во петто одделение 4.65.

Споредба на успехот по пол за учениците од петто одд. на македонски наставен јазик

| Одличен. | Мн.добар. | Добар. | Доволен. |
|---|---|---|---|
| М /3 Ж/2 | М/3 Ж/2 | М/ Ж/ 2 | М / Ж/ |

Споредба на успехот по пол за учениците од петто одд. на турски наставен јазик.

| Одличен. | Мн.добар. | Добар. | Доволен. |
|---|---|---|---|
| М/8 Ж/8 | М/ 5 Ж/1 | М/1- Ж/ | М/ Ж/ |

## 7. **Редовност и поведение на учениците**:

Во текот на учебната година од прво до деветo одделение од оправдани причини вкупно изостанале 5066 часа, а од неоправдани причини изостанале 405 часа. Годишниот вкупен број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2022-2023 год изнесува 5471 изостаноци. 4 ученика од VI одд,
3 ученика од VIIодд., 1 ученик од IX одд ја повторуваа учебната година .

Табеларен преглед на оправдани и неоправдани изостаноци по одделение на мак. наставен јазик

Табела број1

| одделение | оправдани | неоправдани | вкупно |
|---|---|---|---|
| **I** | **211** | **/** | **211** |
| **II** | **653** | **12** | **665** |
| **III** | **243** | **/** | **243** |
| **IV** | **325** | **/** | **325** |
| **V** | **95** | **/** | **95** |
| **VI** | **858** | **177** | **1035** |
| **VII** | **1037** | **126** | **1163** |
| **VIII** | **1481** | **64** | **1545** |
| **IX** | **163** | **26** | **189** |
| **Вкупно** | **5066** | **405** | **5471** |

Табеларен преглед на оправдани и неоправдани изостаноци по одделение на турски наставен јазик

| одделение | оправдани | неоправдани | вкупно |
|---|---|---|---|
| I | 262 | 17 | 279 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II | 462 | 47 | 510 |
| III | 200 | 87 | 287 |
| IV | 230 | / | 230 |
| V | 332 | 30 | 362 |
| вкупно | 1486 | 182 | 1668 |

Во текот на учебната година  стручната служба реализира 109 индивидуални разговори со родители чии деца имаат проблеми со однесувањето или со дисциплината, реализирани се советувања со 29 родители, до општинскиот просветен инспектор се пријавени 3 ученици кои отсуствувале повеќе од 30 дена од наставата.

Освен редовната настава, во нашето училиште беше изведена и додатна и дополнителна настава, како и слободни и вонннаставни активности..

## 8.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

Појдовни основи за изготвување на годишниот извештај за работа на стручната служба се Годишните програми за работа на училишниот педагог и психолог, како и нивната  педагошка евиденција.  Бидејќи програмските содржини и активности се распоредени по подрачја така ќе бидат претставени и реализираните содржини.

Подрачје:

Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа

Во ова програмско подрачје стручната служба учествуваше во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето, како координатор на тимовите , а посебен придонес даде во анализата на постигањата на учениците, а воедно изготви и сопствена програма за работа (за училишниот педагог и психолог).

Стручната служба активно учествуваше и во изработката на програмите за професионална ориентација на учениците, Програмата за совет на родители, Програмите за работа на стручните активи, Програмата на Ученичката заедница. Посебен придонес стручната служба даде во планирањето на интеграцијата на еко содржините во воспитно –образовниот систем, како и во имлементација на оценувањето, формативно и сумативно ,во годишните и тематските планирања.

Стручната служба учествуваше и во изработка на училишниот план за развој, како и во планирањето на самоевалвација на училиштето.

Подрачје:

Следење на воспитно - образовната работа

Согласно планираните активности најпрво се изврши увид во годишните и тематските планирања на наставниците и забелешките беа напишани во евидентни листови и во педагошките картони на наставникпот.

Континуирано се следеше успехот и поведението на учениците посебно на оние кои имаа потешкотии во напредувањето, односно совладувањето и во следењето на наставната програма.

Непосредно беа следени часови со цел да се види одредена активност на учениците, однесување на одредена група ученици како и примена на иновативни форми и методи од страна на наставниците (кооперативно учење, решавање на проблеми, креативна настава). При следењето посебно акцент се стави на имплементацијата на еко содржини и оценувањето во наставата.

Во соработка со Медицински центар Струмица се следеа вакцините на учениците во сите паралелки.

Подрачје:

Советодавна работа со наставници, ученици и родители

Соработка со наставници

Во ова програмско подрачје беа реализирани активности кои се однесуваат на стручна помош на наставниците при формулирање на целите на часот.

Во текот на учебната 2022-2023 година се работеше со одделенските раководители кои имаат проблеми во пралелката, со наставници приправници во делот на организирање на родителски средби (изготвување план за родителска средба, предлози за теми).

Стручна помош при подготовка и реализација на нагледни часови, дисеминација за одредени семинари, подготовка на наставниците за семинари.

Соработка со родители

Со родителите стручната служба соработуваше индивидуални и со група родители, а најчесто тема на советување беше нередовноста, недисциплината, слабиот успех, со родители на ученици кои имаат потешкотии во учењето.

Соработката со Советот на родители како и изминатите години не е на задоволително ниво.

Соработка со ученици

Континуираната соработка со учениците се реализираше преку индивидуални разговори, работа во групи, примена на прашалници, анкетни листови како и тестирање од страна на стручната служба.

Во текот на прво полугодие се следеше адаптираноста на учениците во прво и шесто одделение преку непосредно следење на часови, разговори со наставници, ученици и родители.

Соработката со стручните органи и тела во училиштето се состоеше во решавање на одредени проблеми од образовно - воспитната дејност, презентација на сопствени теми.

Подрачје

Аналитичко - истражувачка работа

Во рамките на подрачјето аналитичко истражувачка работа се реализирани следниве програмски содржини:

- учество во истражување спроведено од Агенцијата за вработување за учениците од деветто одделение на тема професионална ориентација

**Тековни активности:**

- Учество во подготовките на седниците на Наставнички Совет, свои предлози при формулирање на дневниот ред, презентација на свои извештаи, идеи, сугестии
- Соработка со други органи и институции кои се непосредно и посредно поврзани со воспитно - образовната работа (Медицински центар, Црвен крст, МВР, Центар за социјални работи, Биро за развој на образованието)
- Соработка со локалната самоуправа
- Перманентно стручно усовршување, следење на стручна литература,посета на семинари
- Водење педагошка документација за својата работа (Програми, годишна, месечна, Дневник за работа, Досие на ученикот)
- Водење педагошка евиденција (книга за разговори со ученици, наставници и родители)
- Соработка со стручните служби од другите основни и средни училишта
(размена на искуства, материјали, соработка за одредени ученици)

Директор

____________________

/ Марија Костуранова /

Изработиле :

Психолог : **Јасмина Трендова Соколова**

Педагог: **Анита Калевска**